ЗЕМЈАВА ИЗОЛИРАНА И ОД ИЗЛОЖБИТЕ НА ВРВНИ УМЕТНИЦИ

# Во регионот светски, во МСУ локални изложби

## Неизвесно е дали ќе ги видиме најавените поставки на дела од Салвадор Дали и од Алфонс Муха

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Локални изложби ќе можат да видат љубителите на ликовната уметност во музеите и галериите оваа година. Годинава ќе бидат отворани самостојни изложби, ретроспективи и групни претставувања најмногу на домашни ликовни уметници. Додека во Загреб сè уште трае изложбата на графики од Рембрант ван Ријн, а во Софија е претставено дел од творештвото на Пабло Пикасо, македонската публика ќе мора да се задоволи со прегледи на домашното ликовно творештво.

Единствените светски изложби што може да ги очекуваме годинава се најавените поставки на дела од Салвадор Дали и од Алфонс Муха, кои треба да бидат отворени во Музејот на современата уметност како вонпрограмски активности. Сепак, сè уште е неизвесно дали ќе ги видиме.

Елиза Шулевска, директорка на МСУ вели дека не зависи од нив дали ќе се реализираат изложбите.

- Долго трае процедурата за конкурирање и одобрување проекти. За овие изложби соработуваме со приватни галерии што работат поинаку - вели таа.

### СТОТИЦИ ИЛЈАДИ ЕВРА

Изложбата на дела од Дали ќе биде реализирана ако исполниме најмалку два услова, објаснува Шулевска.

- Ако имаме доволно пари и ако ги усогласиме термините. Од галеријата не ја посочија сумата што ќе ја бараат за изложбата. Можеби ќе чини премногу - вели Шулевска.



Во Националната галерија за странска уметност во Софија во тек е изложба од творештвото на Пабло Пикасо

На прашањето зошто не ги преземаме изложбите што доаѓаат во регионот (со оглед на тоа што е многу поевтино отколку ексклузивно да се носи некоја изложба), Шулевска вели дека МСУ интензивно одржува контакти и сериозно работи.

- Но, никој нема да ви даде изложба за 20 дена. Траат најмалку три месеци. А тоа чини. Треба да се исполнат и едно чудо услови за да се донесат такви дела. Иако МСУ е блиску до тие стандарди, понекогаш се случува колегите од странство до последен момент да не ги откриваат изложбите. Ги чуваат како ексклузива и тоа е нормално, бидејќи на секој начин се обидуваат да вратат дел од вложените пари. Зборуваме за стотици илјади евра - вели Шулевска.

Таа додава дека овие изложби се однапред „продадени“ и на отворањето најчесто е доцна да се преземат. Освен тоа, овие големи проекти секогаш ги спонзорираат големи, моќни фирми.

### ПРЕДНОСТ НА ПОСТОЈАНАТА ПОСТАВКА

Затоа, вели Шулевска, МСУ и да ги исполнува условите за да преземе некоја изложба, повторно се јавува проблемот со пари. Треба да се плати обезбедување, патување, осигурување. Музејот, сместен на скопското Кале, има и друг долгогодишен проблем. Тоа е постојана поставка за која до неодамна немаше услови да биде изложена.

- Се надевам дека ќе ја изложиме до крајот на годинава. Но, тешко е да имате и атрактивни изложби и постојана поставка. Но, ако треба да избирам, ќе ја изберам постојаната поставка. Сè што има Музејот се наоѓа во депо. А има прекрасни дела што заслужуваат да бидат изложени - вели Шулевска.

Според програмата на Министерството за култура, во МСУ годинава треба да бидат отворени две групни изложби на карикатура и стрип и на видеоуметност. Предвиден е и мултимедијален проект. Ќе биде отворена самостојна изложба на фотографии од Милчо Манчевски. Изложбата „Пејзажот (во седумдесеттите)“ на Кирил Гегоски треба да биде проблемски обработена и за неа ќе биде издадена книга-каталог. Во меѓувреме, ќе продолжи подготовката на изложбите посветени на енформелот во македонското сликарство и скулптура. Државата ќе ја финансира и изложбата на таписерија од Соња Димитрова. ■

ИНФО

### Изложби на домашни автори

Годинава ќе бидат отворани самостојни изложби, ретроспективи и групни претставувања претежно на домашни ликовни уметници.

Светски изложби што може да ги очекуваме **годинава се најавените поставки на дела од Салвадор Дали и од Алфонс Муха**.

Ќе ги видиме ако имаме доволно пари и ако ги усогласиме термините со приватните галерии.

**Во Загреб сè уште трае изложбата на графики од Рембрант ван Ријн, а во Софија е претставено дел од творештвото на Пабло Пикасо.**